„Кога некој од вас ќе го сретне својот брат, нека го поздрави, и ако меѓу нив се испречи дрво, ѕид или камен и пак го сретне, повторно нека го поздрави.“

Од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, е пренесено дека Аллаховиот пратеник, алејхи селам, рекол: „Кога некој од вас ќе го сретне својот брат, нека го поздрави, и ако меѓу нив се испречи дрво, ѕид или камен и пак го сретне, повторно нека го поздрави.“

[صحيح] [رواه أبو داود]

Пратеникот, алејхи селам, го поттикнува муслиманот секогаш кога ќе го сретне својот брат муслиман да го поздрави со селам, дури и ако шетаат заедно и се појави преграда меѓу нив, како дрво, ѕид или голем камен, а потоа повторно го здогледа, повторно ќе го поздрави.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3552